# ВО ГРАДИНА ИМА




*Во градина има, во градина има,*
*во градина има едно ми дрво,*
*на дрво има, на дрво има,*
*на дрво има до три билбили.*

*Прв билбил пее на вечерање,*
*втор билбил пее на легнуватје,*
*трет билбил пее, трет билбил пее,*
*трет билбил пее на осунватје.*

*Ах да го знаја кој билбил пее,*
*кој билбил пее на вечерање,*
*да го нарана, да го нарана,*
*да го нарана со мед и млеко.*

*Ах да го знаја кој билбил пее,*
*кој билбил пее на легнуватје,*
*да го нарана, да го нарана,*
*да го нарана со суво грозје.*

*Ах да го знаја, кој билбил пее,*
*кој билбил пее на осунватје,*
*да го нарана со отрувачка,*
*да се напупа и да испука.*

Ѓорѓи Доневски. Сокол ми лета високо. Скопје, 1978